
ОПШТИНА ДОЈРАН



СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

НА ОПШТИНА ДОЈРАН

12.11.2026 година, Стар Дојран, Број 13

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М." бр. 5/02) и (“Службен весник на Р.С.М.”), бр.202/24 и член 32 од Статутот на општина Дојран ("Службен гласник на општина Дојран", бр.9/06, 8/10, 12/14, 4/19 и 1/20), Градоначалникот на општина Дојран донесе,

Р Е Ш Е Н И Е

За објавување на Одлуката

За давање согласност за доделување на плакети и благодарници на правни лица и поединци кои придонеле во развојот на Општина Дојран, повод 5-ти Ноември, празник на Општина Дојран

1.Одлуката за давање согласност за доделување на плакети и благодарници на правни лица и поединци кои придонеле во развојот на Општина Дојран, повод 5-ти Ноември, празник на Општина Дојран, донесена на седницата на Советот на општина Дојран, одржана на ден 05.11.2026 година, да се објави во "Службен гласник на општина Дојран".

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето.

Градоначалник
на Општина Дојран
Илија Тентов

Врз основа на член 62 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Р.М."бр.5/02) и ("Службен весник на Р.С.М."), бр.202/24, член 16 од Статутот на општина Дојран ("Службен гласник на општина Дојран", бр.9/06, 8/10, 12/14, 4/19 и 1/20), Советот на општина Дојран на одржаната седница на советот, на ден **05.11.2026** година ја донесе следната,

О Д Л У К А

За давање согласност за доделување на плакети и благодарници на правни лица и поединци кои придонеле во развојот на Општина Дојран, по поводот „5-ти Ноември", празник на Општина Дојран

Член 1

Со оваа Одлука се дава согласнсот за доделувње на плакети и благодарници на правни лица и поединци кои придонеле во развојот на Општина Дојран, по повод „5-ти Ноември", празник на Општина Дојран.

Член 2

Доделувањето плакети и благодарници ке се врши на 5-ти ноември, празник на општина Дојран, на правни лица и поединци кои придонеле во развојот на Општина Дојран, од областа на спортот, културата, здравствената заштитата, урбанизмот и туризмот.

Член 3

Доделувањето плакети и благодарници ќе ги врши Градоначалникот на општина Дојран, согласно Програмата за одбележување на 5-ти ноември, празник на Општина Дојран.

Плакети и благодарници кои ќе бидат доделени на поединци кои со свето работење придонеле за развојот на општина Дојран за оваа година се следните лица:

- Љубинка Ангелевска од Стар Дојран, со особен придонес во делот на здравството во општината,
- Костадин Бојациев од Нов Дојран, особен придонес во областа на спортот во општина Дојран,
- Танжу Билалоглу од Нов Дојран, особен придонес во презентација на културата и историјата на Дојран,
- Ѓорге Илиев од Нов Дојран, особен придонес во областа на спортскиот лов во општина Дојран,
- Тодор Илиев од Нов Дојран, особен придонес во матичната служба во општина Дојран,
- Игор Џамбазов од Скопје, придонес во презентација и афирмација на Дојранските туристички потенцијали,
- Кирил Граматиков од Скопје, особен придонес во урбанизмот и планскиот развој на општина Дојран.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на општина Дојран".

Бр.08 –1856/3
05.11.2026 година
Стар Дојран

Претседател
на Советот на Општина Дојран
Митко Тасев

С О Д Р Ж И Н А

1. Решение за објавување на Одлуката за давање согласност за доделување на плакети и благодарници на правни лица и поединци кои придонеле во развојот на Општина Дојран, повод 5-ти Ноември, празник на Општина Дојран.....1
2. Одлука за давање согласност за доделување на плакети и благодарници на правни лица и поединци кои придонеле во развојот на Општина Дојран, по поводот „5-ти Ноември", празник на Општина Дојран.....2
3. Содржина.....3

СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ДОЈРАН" излегува по потреба. Уредува и издава: Општинска администрација на Општина Дојран.